Број 116 — Мај 2022

# S-WORK






# 1-ви мај – Меѓународен ден на трудот

На 1-ви мај, го одбележуваме Меѓународниот ден на трудот, посветен на зачувување и унапредување на правата на работниците низ целиот свет. На овој датум исто така потсетуваме дека сите граѓани на Република Северна Македонија, вклучувајќи ги и сексуалните работници, имаат право на работнички права согласно Меѓународното право за заштита на човековите права.

Меѓутоа, сексуалните работници во нашето општество се справуваат со лоши работни услови, стигматизација, дискриминација и маргинализација. Жените, мажите и трансродовите сексуални работници се често изложени на злоупотреба, насилство и експлоатација. Генерално, ова се должи на природата на сексуалната работа. Се верува дека злоупотребите со кои се соочуваат сексуалните работници се нераскинливо поврзани со самата сексуална работа. Лошата положба на сексуалните работници е предизвикана од исклучувањето на сексуалните работници од граѓанските и човековите права, често како резултат на нерегулирањето на законите кои ги таргетираат сексуалните работници во однос на нивните работнички права.

Како последица од непрепознавањето на сексуалната работа како секоја друга работа, како и нееднаквиот третман кон сексуалните работници, заедницата е поттикната во се поголем број да даде поддршка во борбата за правата на работниците.

Со препознавање и признавање на сексуалната работа ќе се овозможи поголема социјална и правна заштита на сексуалните работници под покровителство на законите за работни односи.

Сексуалните работници треба да имаат право на слободен избор на работа, право на безбедни работни услови, право да бидат заштитени од насилство и злоупотреба, право на организирање и треба да ги уживаат сите општоприфатени работнички и човекови права. Тоа не е можно се додека државата не ја признае сексуалната работа како и секоја друга работа и не започне со промени на законите кои кривично ги гонат сексуалните работници.

Сексуалните работници имаат право да живеат ослободени од дискриминација, стигма и насилство. Со цел овозможување безбедни услови за работа на сексуалните работници, бараме декриминализација на сексуалната работа како најсоодветен модел кој овозможува правно признавање на сексуалната работа како работа и остварување на правата и слободите на сексуалните работници загарантирани со Уставот и законите на Република Северна Македонија.

# Sex Workers' Lack of Access to Justice



# Недостиг на пристап до правда за сексуалните работници

Сексуалните работници ширум светот се соочуваат со широк спектар на бариери во пристапот до правда, и како жртви на насилство и злоупотреби, и како обвинети за криминал. Бидејќи сексуалната работа е прилично криминализирана, на повеќето сексуални работници им е оневозможен пристапот до правна заштита и правата што им се даваат на другите работници според законите за работни односи и се соочуваат со зголемен ризик од криминализација, притвор, депортирање и законски санкции.

Сексуалните работници доживуваат дискриминација во сите фази на правосудниот систем; пријавите за криминал се отфрлаат од полицајци, а сексуалните работници добиваат неправедни пресуди од судиите во судскиот систем. Злосторствата против сексуалните работници не се сфаќаат толку сериозно како злосторствата против други и на нивното сведочење се дава помала тежина од сведочењето на нивните сторители.

Честопати, правата на сексуалните работници се систематски прекршени од полицијата и правосудниот систем. Неуспесите на правдата со кои се соочуваат сексуалните работници се сериозни прекршувања на човековите права што ги прават сексуалните работници ранливи на насилство, додека истовремено ги исклучуваат од еднаква заштита според законот.



# SEX WORKERS' LACK OF ACCESS TO JUSTICE

Sex workers face a wide range of barriers to accessing justice, both as victims of crime and when charged with crimes. Images by Molly Hankinson.

## RECOMMENDATIONS



Decriminalise all aspects of sex work.



Hold law enforcement officers accountable for acts of violence and abuse against sex workers and ensure that victims of state violence have an enforceable right to compensation.



Invest in education and sensitivity training for law enforcement officers, judges and others working in the legal system.



Prioritise community-led provision of legal aid and training in legal literacy, including through training sex workers as paralegals.






Ensure the accessibility, acceptability and affordability of legal services for sex workers who are victims or accused of crimes.

nswp

Read the NSWP Briefing Paper on Sex Workers' Lack of Access to Justice: *https://www.nswp.org/resource/nswp-briefing-papers/briefing-paper-sex-workers-lack-access-justice* or *https://bit.ly/NSWP-justice*

NSWP - Глобалната мрежа на проекти за сексуалната работа во својот Брифинг извештај ги испитува главните предизвици со кои се соочуваат сексуалните работници, ги идентификува прекршувањата на правата кога се бара пристап до правдата и дава препораки за решавање на овие проблеми со цел да им се овозможи безбедност, здравје и благосостојба на сексуалните работници.

### Криминализација и правно угнетување

Сексуалните работници се соочуваат со закони, процедури, прописи и практики кои директно или индиректно ги дискриминираат. Правните рамки кои ја регулираат сексуалната работа се разликуваат низ целиот свет, но во повеќето земји сексуалната работа сè уште е криминализирана преку законите кои забрануваат продажба, купување, организирање или промовирање на сексуалната работа. Стравот на сексуалните работници да бидат обвинети за прекршоци поврзани со сексуална работа е примарна пречка за пријавување насилство и злоупотреба во полиција.

Законите и практиките против трговија со луѓе кои се обидуваат да ги „спасат" сексуалните работници, исто така, можат да бидат пречка во пристапот до правда, особено за сексуалните работници-мигранти.

Многу сексуални работници се соочуваат со вкрстени форми на дискриминација кои влијаат на нивниот пристап до правда и нивниот третман во правосудните системи, поради нивниот родов идентитет, сексуална ориентација, раса, етничка припадност, класа, ХИВ статус, земја на потекло и/или статус на мигрант.

### Злоупотреби од страна на полициски службеници

Сексуалните работници често се жртви на систематска физичка, сексуална и вербална злоупотреба од страна на полициските службениците.

Сексуалните работници исто така се мета на произволни апсења, изнуда, незаконски апсења и принуди. Полицијата често им се заканува на сексуалните работници со нелегални дејствија, како на пример вознемирување или заплашување со цел да добијат некакво признание.

Многу од сексуалните работници се повеќе избираат да платат казни или мито, отколку да ризикуваат да бидат притворени и изведени на суд, дури и во случаи на произволно апсење. Сиромашните и изолирани сексуални работници се особено ранливи на повреда на правата.

### Недостиг на работнички права

Правото на слобода на здружување, вклучително и синдикално здружување и колективно договарање е основно работничко право, утврдено со Универзалната декларација за човекови права. Организациите предводени од сексуални работници често не добиваат статус или признавање на синдикати, а сексуалните работници се често дискриминирани на работното место. Криминализацијата на сексуалната работа ги исклучува повеќето сексуални работници од заштита според законите за работни односи, вклучително правото на безбедни работни услови, боледување, минимални плати, пензии и социјална заштита.

### Препораки

- Декриминализација на сите аспекти на сексуалната работа;
- Инвестирање во образование и обуки за сензибилизација на полициските службеници, судии и други лица кои работат во правосудниот систем;
- Обезбедување правна помош и обуки на заедницата за правна писменост, вклучително и обуки на сексуалните работници за параправници;
- Обезбедување пристапност, прифатливост и достапност на правни услуги за сексуалните работници кои се жртви или обвинети за криминал.

Пристапот до правда е широко признат како основно човеково право јасно утврдено со Меѓународното право за човекови права и со Универзалната декларација за човекови права. Универзалната декларација за човекови права (УДЧП) ги потврдува клучните аспекти на правото на пристап до правдата, како што е обезбедување на правото на заштита на еднаквоста на сите пред законите, вклучувајќи го и правото на ефективен правен лек за прекршување на основните човекови права, како што е правото на приватност и заштита од произволно кршење на правото на приватност.



# УКРАИНСКИТЕ СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ СЕ МОБИЛИЗИРААТ СО ЦЕЛ ДА ИМ ПОМОГНАТ НА ЛИЦАТА ЗАГЛАВЕНИТЕ ВО ЗОНИТЕ НА КОНФЛИКТ

Во изминатиот период, сексуалните работници ширум светот се мобилизираат и ги користат сите достапни начини со цел да ги поддржат своите колеги кои се заглавени во Украина за време на воениот конфликт. Тие преземаа неколку акции за собирање средства и хуманитарна помош користејќи ги онлајн платформите.

Голем број украински сексуални работници кои работат во странство, се враќаат во својата земја со цел да ги одбранат своите домови.

Меѓу нив е и Кара Ксаен, 26-годишна украинска сексуална работничка која неодамна се врати дома од Германија за да биде со своето семејство кое живее во југоисточниот дел на Украина. Според нејзината изјава, нејзината баба е болна, а нејзиниот татко не може да го напушти регионот, па затоа решиле да останат сите заедно.

Ксаен вели дека сексуалните работници имаат огромна поддршката од целата секс индустрија, но таа ги охрабрува сите оние кои сакаат да донираат, тоа да го сторат со давање донации директно на сексуалните работници како неа, кои сè уште се во Украина, или на организациите кои ги поддржуваат овие заедници.

„Бидејќи нашиот град сè уште не е нападнат, да им помогнеме на луѓето околу нас да набават лекови, храна и сите потребни материјали, додека сè уште можеме да помогнеме" – вели Ксаен.

Некои од познаниците на Кара, изјавиле дека веќе имаат донирано во големи организации на ОН како што е УНИЦЕФ, меѓутоа таа смета дека овие донирани средства никогаш нема да стигнат до луѓето на кои им е најпотребна помош.

Според Ксаен, најдобро би било парите да се донираат на оние кои се на терен. На тој начин, со сигурност средствата ќе стигнат до оние на кои им се најпотребни, вклучувајќи ги и оние кои се собирани за помош на сексуалните работници.

Во изминатиот месец, дури и платформите од кои зависи работата на украинските сексуални работници, вложија сериозни напори да ја дадат својата поддршка. OnlyFans донираше 500 Етериуми, што е еквивалентно на околу 1,5 милиони американски долари, на Украина ДАО, организација која собра околу 7 милиони долари во криптовалути за хуманитарна помош и воено финансирање на Украина.

На Твитер, сексуалните работници редовно ги повикуваат своите клиенти и следбеници да донираат за поединечни цели кои се насочени кон акции за спасување животи или собирање средства за помош на најзагрозените во зоните на конфликт.

Во Источна Европа, стотици сексуални работници се собраа за да соберат и дистрибуираат средства преку групите на Телеграм и ДМ на Твитер. Во овие групи, сите секуални работници кои зборуваат руски се еднакви, сите се подеднакво преплашени од долготрајните влијанија што рускиот напад ќе ги остави зад себе и од животите што допрва ќе се изгубат.

Во најголем дел, поддршката на руските сексуални работници беше поздравена од оние од Украина.

„Отсекогаш сум работела со русите", изјави Ксаен. „И во нашата работа, никогаш не сме се делеле на белоруси, руси и украинци. Сите ние зборуваме руски. И сите ние сме меѓусебно поврзани".

Иако повеќето украински сексуални работници споделија дека заедницата на сексуални работници во Русија не е виновна за нападот на Путин врз Украина, сепак има и такви кои сакаат да се воведат построги санкции кои ќе ја исклучат Русија од платформи како OnlyFans и MyFreeCams, онлајн платформи кои често се користат од страна на сексуалните работници преку кои ги промовираат сексуалните услуги.

„Во спротивно, загрижена сум дека оваа војна може да трае засекогаш", вели Ксаен.

„Не сум против рускиот народ, како што реков, немам директна омраза кон русите", додава таа. „Но, генерално, верувам дека тие треба да бидат исклучени од секоја можност да заработат пари на глобалниот пазар".

Сепак, според неа, најважно е да се смири ситуацијата во нејзината земја и дека зборувањето за нејзината работа во моментов не е приоритет, кога проектили паѓаат врз главите на луѓето.

Наместо тоа, фокусот на Ксаен е да остане жива и да го чува своето семејство безбедно.



# Колективен став на СТАР – Прв колектив на сексуални работници на Балканот за правна регулација на сексуалната работа во Република Северна Македонија

И покрај нашите досегашни заложби во насока на подобрување на општествениот контекст во кој живееме и работиме доброволно како сексуални работници во Република Северна Македонија, и покрај 15 годишната борба за заштита на нашите основни човекови права, ние сè уште се соочуваме со бројни проблеми и сме една од најранливите категории граѓани во општеството.

Постојано трпиме интерсекциска дискриминација и јавна осуда, а нивното несанкционирање придонесува кон широко распространет говор на омраза, а неретко и насилство од страна на полициските службеници, корисниците на нашите услуги и нашите партнери и семејства. Сепак, случаите за прекршување на нашите права често остануваат недокументирани и непроцесирани поради нефункционалноста на правниот систем кој создава недоверба кон институциите и секако поради постоечката стигма и јавна осуда поврзана со нашата работа.

За жал, во Република Северна Македонија сè уште постојат конзервативни и застарени општествени ставови кон сексуалноста и автономијата на човековото тело со што државата си зема за право да го ограничува нашиот телесен интегритетот, а со тоа само дополнително го продлабочува јазот на родова нееднаквост. Дополнително, законите не ја признаваат нашата работа и ни ги скратуваат уставно загарантираните права на слободен избор на работа и заштита при работа, што доведува до економска и социјална ранливост кај многумина од нашата заедница.

За нас доброволната сексуалната работа претставува договорен чин во кој купувачот и продавачот доброволно се согласуваат на комерцијална размена на сексуални услуги, согласно дефиницијата и разбирањето и на Обединетите нации. Ова јасно ја дефинира разликата помеѓу доброволната сексуална работа и трговијата на луѓе со цел сексуална злоупотреба. Трговијата со луѓе во која лицата се жртви и нудат сексуални услуги под закана, присила или измама и спротивно на нивната волја, претставува сериозно прекршување на сите основни човекови права и како такво треба да биде строго санкционирано.

Сепак, тековните политики и закони не ја препознаваат доброволната сексуална работа, со што сме исклучени од системот на правна и социјална заштита, ни се одзема правото слободно да заработуваме за сопствената егзистенција и води кон наша целосна општествена маргинализација, но и на нашите семејства.  Во моментов единствена

1 Annex 3: Differentiating sex work and trafficking, UNAIDS guidance note on HIV and sex work, 2012 [пристапено на 11.02.2022]

# КОЛЕКТИВЕН СТАВ

## на СТАР – ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ за правна регулација на сексуалната работа во Република Северна Македонија

**донесен во Скопје, на ден 03.03.2022 година**

СТАР

ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ



правна заштита е предвидена со Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство каде сексуалните работнички за прв пат експлицитно се препознаени како ранлива категорија и заштита на сексуалното и репродуктивното здравје на женските, машките и трансродовите сексуални работници преку програмите за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Северна Македонија произлезени од националните стратегии за ХИВ.

Со цел да бидеме активно вклучени во процесите на креирање политики и пракси кои ја третираат сексуалната работа, спроведовме консултација помеѓу нашата заедницата на која разгледавме три главни модели за правна регулација на сексуалната работа.

Нордиски модел - Криминализација на побарувачката на сексуални услуги. Според овој модел сексуална работа е навидум декриминализирана, меѓутоа купувањето сексуални услуги, како и сите други активности на сексуалната работа како што се посредувањето, здружувањето и помагањето се криминализирани и претставуваат казниви дела.

Модел за легализација на сексуалната работа – Модел со кој државата го регулира начинот на организирање на работата преку закони и воведување на правила за начинот, времето и местото на организирање на сексуалната работа, како и други ограничувања за сексуалните работници, за управителите и за клиентите.

Модел на декриминализација и депенализација - Отстранување на сите одредби од постоечките закони со кои се санкционираат полнолетните лица и активностите поврзани со доброволната сексуална работа и воспоставување на правна рамка со која се штитат човековите права на сексуалните работници, се промовираат здравјето, личноста и безбедноста при работа и заштита од нивна експлоатација.

Никој од испитаните сексуални работници не го поддржува Нордискиот модел поради непостоење релевантни докази кои укажуваат на намалување на побарувачка на сексуални услуги онаму каде што е воведен и поради опасност за работа во неприфатливи околности. 16% од испитаниците сметаат дека моделот за легализација на сексуалната работа може да биде функционален исклучиво доколку во регулацијата директно се вклучени сексуалните работници и останатите лица вклучени во доброволната сексуална индустрија.

Од истражување спроведено од нашите партнери и поддржувачи во 2017 година, 71% од испитаните сексуални работници се согласуваат да одвојуваат дел од својата заработувачка за плаќање давачки спрема државата доколку сексуалната работа е дозволена, со што би добиле здравствено и пензиско осигурување .

Од нашата консултација, моделот за декриминализација и депенализација едногласно е избран како најсоодветен модел кој овозможува правно признавање на сексуалната работа како работа и остварување на правата и слободите на сексуалните работници загарантирани со Уставот и законите на Република Северна Македонија.

Земајќи ги предвид ставовите на заедницата на сексуални работници, како и препораките на Обединетите нации за декриминализација на доброволната сексуална работа и активностите поврзани со неа се залагаме за правна регулација со која би се заштитиле човековите права на сексуалните работници и би се намалила дискриминацијата, стигмата, јавната осуда и предрасудите.

Следствено на сето ова, ние сексуалните работници од СТАР – Прв колектив на сексуални работници на Балканот заземаме колективен став дека доброволната сексуална работа треба да се декриминализира и депенализира со измени или целосно укинување на одредбите од сите закони со кои се санкционираат полнолетните лица и активностите поврзани со доброволна сексуална работа (Член 19 од Законот за прекршоци против јавниот ред и мир и Член 191 од Кривичниот законик). Доброволната сексуална работа треба да се третира преку политиките за јавно здравје, важечките законски прописи за работните односи и останатите позитивни правни норми за заштита, почитување и унапредување на човековите права во Република Северна Македонија.

1 Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, Службен весник на РСМ, бр. 24 од 29.01.2021 [пристапено на 11.02.2022]

2 Програма за заштита на населението од ХИВ-инфекција во Република Северна Македонија за 2021 година, Службен весник на РСМ бр. 8 од 12.01.2021 [пристапено на 11.02.2022]

3 Бошкова, Наташа и Хајди Штерјова-Симоновиќ. Анализа на ставовите на сексуалните работници за потребата од промена на законската регулатива за сексуалната работа во Македонија, 2017

4 Annex1: The legal and policy environment and the rights of sex workers, UNAIDS guidance note on HIV and sex work, 2012 [пристапено на 11.02.2022]

Во издание на:

ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ
РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

СТАР

Поддржано од:

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

Ставовите изнесени во S-Work не нужно ги изразуваат или се во согласност со ставовите на издавачот Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје или на Фондација Отворено општество - Македонија.